## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот капка по капка и со полевање.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

NPK 0-36-0 особено се препорачува пред почетокот на цветањето, во фазата на цветање и во фазата на оплодување на земјоделските култури. Редовната апликација на NPK 0-36-0 ефикасно дејствува на недостигот на фосфор кај растенијата, овозможува правилен развиток на коренот, го подобрува порастот на растенијата, овозможува правилно цветање, односно стабилни и квалитетни приноси.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и оплодување | 5 апликации на 5-6 дена | 4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и оплодување* | 3-4 апликации на 6-7 дена | 3-4 l ѓубриво со најмалку 4000 l вода |

* Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување) и самата културата (совпаѓање на фазата на цветање и фазата на оплодување кај одредени култури со мерката наводнување).

## НАПОМЕНА

Во растворите за фертиригација не смее да се меша со ѓубрива кои содржат калциум, железо, а во одредени случаи и магнезиум (особено кога во растворот има присуство на амониум нитрат), како и со ѓубрива кои содржат хлор. Доколку водата е со слаб квалитет (тврда вода), се препорачува за време на апликацијата да се одржува pH-вредноста на водата за наводнување на околу 7. За претпазлива апликација, при растворање на ѓубривото во резервоарот со основниот хранлив раствор, се препорачува прво да се додаде водата, па дури потоа ѓубривото, а фармерот/техничарот којшто ја врши апликацијата да биде обезбеден со ракавици и со заштита за очите.

## СКЛАДИРАЊЕ

На температура повисока од +10°C.

## РОК НА УПОТРЕБА

5 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Фосфор ($P_2O_5$) | (36,0 ± 1,0) % |
| Фосфорна киселина | (50,0 ± 1,0) % |